

Инвестиции во квалитет, следење на промените во побарувачката и навиките во исхраната, воведување нови технологии и заокружено организирање на производството се само некои од предусловите кои треба да ги исполнат земјоделците за да се пофалат со задоволителен успех, вели професорот Бошков во интервју за "Капитал" по неговата стручна посета на Универзитетот Дејвис во Калифорнија, еден од најзначајните универзитети за развој на земјоделството

## КРУМ БОШКОВ

### ПРОФЕСОР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

# УСПЕХОТ ЗАВИСИ ИСКЛУЧИВО ОД ИНВЕСТИЦИИ ВО КВАЛИТЕТ

ВЕРИЦА ЈОРДАНОВА
jordanova@kapital.com.mk

**Колку од она што видовте таму реално може да се апплицира во македонското земјоделство?**

Впечатокот е дека земјоделството во САД достигна највисоко ниво на технолошки развој, кој овозможува целосна контрола на производството од нива, берба, пакување, складирање и дистрибуција на пазарот. Покрај високиот органолептички квалитет на храната, од производот се бара да биде безбеден за потрошувачот во однос на загадувањата од микробиолошки, биолошки, хемиски и физички извори. Користењето свежо овошје и зеленчук е целосно променето во однос на последните децении од 20 век, кога во продажбата се форсираше брзата храна. Денес државните институции и маркетиншки организации на САД се здружени во промоција на здрава, квалитетна и безбедна исхрана во секојдневниот живот, и посебно во исхраната на младите генерации.

**Во кои земјоделски сегменти ги лоцирате најголемите перспективи на Македонија? Кои се шансите на македонските земјоделски производи за поголемо производство и извоз?**

Со влегувањето во Европската унија земјоделството ќе се развива според нивната методологија, гледано од аспект на потребите на Унијата и цените на овие пазари. Климатските фактори значајно влијаат на правците на развој. Генерално гледано, имаме услови за одгледување на сите земјоделски култури, но во последната деценија во Македонија се забележителни појави на екстремно високи и ниски температури, град, суша и поплави. Климата се менува, тешко е да се утврдат правилности во тие промени за да се донесат правилни одлуки. Промените предизвикуваат катастрофални последици на земјоделските култури во целиот свет, на што светската берза на земјоделски производи одговара со високи цени на производите. Земјоделското производство е несигурно, но не само кај нас, туку секаде во светот, со можност за појава на глад и болести во најтешко погодените реони. Сите сме во иста позиција со јасно изразен огромен ризик во бизнисот со земјоделството. Под вакви услови, јасно е дека е најмал ризикот во одгледување градинарски и овошни култури во контролирани услови, под пластеници или во оранжерии. Од гледна точка на развојот на технологијата, повторно предност имаат градинарските и овошните култури. Земјоделската наука секојдневно, со неверојатна брзина, ги унапредува технологијата и маркетингот кои со помош на информатичката технологија допираат до сите алки на синџирот на производство. Промените се неверојатни, затоа што производ што бил интересен пред неколку години одеднаш е истиснат од пазарот од некој нов производ. Исплатливо и евтино е подигнувањето и одгледувањето на коскестото овошје - праски, кајсии, цреши, сливи - за кои државата покрива значаен дел од трошоците за подигање на насадот, а од друга страна се барани на пазарите каде што постигнуваат релативно високи цени. Огромна перспектива има органското производство и шумските плодови, винскиот туризам, за кој се надевам некој конечно ќе се одлучи да го развива и во охридското виногорје. Имаме можност за производство на голем број земјоделски култури, но за да знаеме што ќе се одгледува, потребно е внимателно следење на светската берза и она што се случува во третиот свет, каде што полека се префрла развојот на земјоделството поради евтината работна сила. Сето кажано погоре има значење под услов земјоделските култури да се произведат со највисок, супериорен квалитет, за точно определен пазар, во одредена количина и во вистинско време.

**Иако сите анализи покажуваат големи перспективи за македонската преработувачка индустрија, резултатите не се задоволителни. Капацитетите не се доволно искористени, а фирмите се соочуваат со бројни проблеми. Како сметате дека можат да се оправат работите и Македонија да го реализира она што најдобро го знае - да произведува квалитетна храна?**

Оваа состојба не може да се генерализира за целото земјоделство. Одредени земјоделски гранки се многу успешни, но имаме и неуспешни. Како успешни гранки би ги издвоил градинарските култури и тутунот. Посебно интересен за анализа е тутунот, бидејќи претставува пример за организирано производство на европско ниво. Производството почнува и завршува во една година со писмен договор меѓу преработувачите и производителите на тутун. Државата преку Министерството за земјоделство, земјоделската инспекција и Институтот за тутун во Прилеп го контролира исполнувањето на договорите, односно текот на производството. Во цената на цигарите е внесен надомест од кој се исплаќаат субвенции за производителите. На тој начин производството учествува во екстра профитот и има можност за генерирање на поуспешно и поквалитетно производство. Тука е одговорот за развојот на преработувачката индустрија. Потребно е дефинирање на синџирот на производство и планирање на производството на суровината, откупот на суровината, преработката, меѓусебното договарање